Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

Друштво за трговија на големо и мало
ОФИС и КО. ДОО увоз-извоз
Бр. 30713-07/2021
09.04 2021 год.
СКОПЈЕ

ДП бр. 02-21/21-3
Скопје, 29.03.2021 година

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprsm.gov.mk

# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКИ МЕБЕЛ

1. **Република Северна Македонија Државно правобранителство на Република Северна Македонија** ул. Гоце Делчев бр. 18, 1000 Скопје, застапувано од Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа во натамошен текст набавувач, и

2. **Друштво за трговија на големо и мало ОФИС и КО. ДОО Скопје** со адреса : ул. Свети Кирил и Методиј бр. 50, Скопје ЕМБС: 5234565, ЕДБС: 4030998346429 застапуван од одговорно лице Бобан Јовановски, во понатамошен текст носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на канцелариски мебел за потребите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, согласно постапка ЈН бр.05-06/21, техничка спецификација во прилог на тендерската документација, која е составен дел на овој договор, а врз основа на Одлуката за доделување на договор за јавна набавка ДП бр.02-21/21-2 од 23.03.2021 година, по оглас бр. 03805/2021 и согласно доставената понуда од Носителот на набавката, односно дадената понуда по електронската аукција.

## ЦЕНА, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 2

Вредност на набавката од овој договор изнесува: **200.000,00 денари** без вклучен ДДВ, односно **236.000,00 денари** со вклучен ДДВ, при што се засметани сите трошоци и попусти во вкупната цена на понудата.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажени во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

**Член 3**

Набавувачот се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 дена од денот на приемот на фактура во Архивата на набавувачот.

## НАЧИН И ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 4**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача **до 15 дена** сметано од денот на приемот на писмената порачка со вклучен транспорт и монтажа.

Испораката на канцелариските мебел ќе се врши во просториите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во подрачје Кичево, Велес, Струга и Штип, по приемот на писмената порачка.

Пред да се пристапи кон изработка на мебелот носителот на набавката треба да изврши консултации со набавувачот поврзани со материјалот и изработката.

Монтирањето на мебелот во просториите на набавувачот ќе се врши во заеднички утврдени термини помеѓу набавувачот и носителот на набавката.

Набавувачот нема обврска да ја набави целата предвидена количина од техничката спецификација.

Носителот на набавката е должен да издаде испратница за извршената испорака, истата да биде пополнета во две примероци, по еден примерок за договорните страни.

**Член 5**

Доколку носителот на набавката задоцни со испораката во рокот определен во ставот 1, од член 4, од овој договор должен е на набавувачот да му плати договорна казна во висина од 0,5%, од вкупната цена определена со член 2, од овој договор.

Договорната казна од ставот 1, од овој член не може да надмине 5%, од вкупната цена определена со членот 2, од овој договор.

## ГАРАНЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

За предметот на договорот носителот на набавката дава 1 година гаранција.

## ВАЖЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Овој договор е со важност од една година од денот на склучувањето на договорот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Кога една договорна страна нема да ја исполни својата обврска определена со овој договор, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски на другата договорна страна, го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

За се што не е договорено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и Законот за јавни набавки.

**Член 10**

За решавање на сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои не можат да се решат спогодбено, ќе биде надлежен Основен Граѓански суд Скопје .

**Член 11**

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по две примерока.

Изработил: Генерален секретар Андријана Сливоска

| НАБАВУВАЧ<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>**Фехми Стафа** | НОСИТЕЛ НА НАБАВКА<br>ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО ОФИС и КО. ДОО СКОПЈЕ<br>ОДГОВОРНО ЛИЦЕ<br>**Бобан Јовановски** |
| --- | --- |